Врз основа на член 22 и член 23 од Закон за работните односи , Друштво за транспорт, трговија и услуги КОЛА ЛОГИСТИКА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.,,Качанички пат,, бр.254, Визбегово, тел:02 2656-770, објавува оглас за вработување за работно место:

# Оператор

**1 (еден) извршител**

на определено време од 3 (три) месеци со можност за продолжување

## Услови за вршење на работата

- ССС
- Одлично познавање на MS Office (word, excel)
- Претходно работно искуство во областа ќе се смета за предност

## Потребни вештини:

- Организациски способности
- Комуникациски способности
- Способност за тимска работа

## Краток опис на работните обврски:

- Креирање на документи по испратени нарачки;
- Правење на фактури и повратници;
- Подготовка на товарни листови;
- Директна комуникација со превозникот во случај на потреба на корекција на документ (фактури или повратници);

Работната недела трае 40 часа.
Работното време за прва смена: од понеделник до петок започнува во 07:00 часот, а завршува во 14:00 часот и во сабота започнува во 07:00 часот, а завршува во 12:00 часот и од понеделник до петок започнува во 07:00 часот, а завршува во 15:00 часот.
Работното време за втора смена: од понеделник до петок започнува во 13:30 часот, а завршува во 21:30 часот и од вторник до петок започнува во 13:30 часот, а завршува во 21:30 часот и во сабота од 11:30 часот, а завршува во 19:30 часот.

Основната нето плата изнесува 23.000,00 денари.

Сите заинтересирани кандидати да испратат кратка биографија (CV) на е-маил hr@kolalogistika.com.mk или на ул. Качанички пат бр 254 во рок од 3 работни дена од 21.06.2019 година до 25.06.2019 година со назнака апликација за работно место Оператор.

Изборот за соодветен кандидат ќе се врши во рок од:
Доколку се пријавиле до 200 кандидати за работното место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.
Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат контактирани.

Лице за контакт: Маја Смилевска